TRAVEL AGENCY
FERIJAL - KASIKOV

# Лисабон и Алгарве







## Софија – Лисабон – Алгарве – Лагуш – Рија Формоса – Тавира – Евора – Фаро – Лисабон – Синтра – Есторил – Кашкаис – Кабо де Рока – Обидуш – Назаре – Фатима – Баталја – Лисабон

**Лисабон** е главниот град на Португалија и несомнено еден од најинтересните градови во Европа. Лоциран е на седум ниски ридчиња кај сливот на реката Тежу во Атлантскиот Океан. Во центарот на Лисабон има широки, оградени со дрвја плоштади, тротоари со мозаици и улични кафулиња. Стариот град има неверојатна атмосфера - стрмни улици со пријатни ресторани, барови и продавници. Во 1755 г. поголемиот дел од Лисабон е уништен од катастрофалниот земјотрес, проследено со пожар и бранови цунами. Градот е обновен само за неколку години и денес има сè што е потребно за да се заљубите во него.

**Алгарве** е најјужниот регион на Португалија, поседува 150 километри крајбрежје чии неверојатни плажи од бел песок и кристална вода на места со чудни убави карпи и пештери. Егзотичната убавина на природата, меката медитеранска клима, бројните атракции, знаменитости и терени за голф го претвориле Алгарве во омилено место за одмор на илјадници туристи од целиот свет. Околу 7 милиони странци го посетуваат годишно, а ако се вклучат и португалските туристи, бројот расте до 10 милиони. Покрај туризмот во Алгарве е добро развиено и земјоделието - тука се одгледуваат смокви, бадеми, портокали, а се одгледува и даб за плута. Океанот, се разбира, обезбедува широк спектар на храна и риба.

**ДЕН 1 Софија – Лисабон**

Поаѓање од аеродром Софија во 12:40 со лет на авиокомпанијата "Wizz Air". Пристигнување на аеродромот во Лисабон во 15:00 ч. Трансфер до хотел "TRYP Lisboa Caparica Mar" 4 * во одморалиштето "Коста да Капарика", реонот на Лисабон. Вечера и ноќевање.

**ДЕН 2 Лисабон – Алгарве**

Појадок. Панорамски разглед на Лисабон (вклучен во цената): населба Баиша, плоштадите "Фигеира" и "Комерсио", Статуата на морепловците, кулата "Белем" и манастирот "Жеронимуш", кој се смета за ремек-дело на португалската мануелска уметност, чиј основоположник е кралот Мануел. Поаѓање за Алгарве. Сместување во хотелот "Yellow Monte Gordo" 4 * во одморалиштето Монте Гордо, регион Алгарве. Вечера и ноќевање.

**ДЕН 3 Лагуш**

Појадок. Слободно време или по желба целодневна екскурзија до Лагуш и р’т Свети Винсент. Помеѓу 1576 и 1756 година. Лагуш бил главен град на Алгарве. Однадвор ѕидините ќе го посетиме Главниот плоштад, каде се наоѓал пазарот за робови - прв ваков во Европа. Посета на Црвените карпи, каде морските пештери се скриени од секој поглед и создаваат контраст со прекрасната тиркизна вода. Поаѓање за Сагреш, најјугозападната точка на Европа, лоциран на брегот на морето. Посета на р"т "Свети Винсент" - свето место каде што земјата завршува и почнува морето. Враќање во хотелот. Вечера и ноќевање.

**ДЕН 4 Рија Формоса – Тавира**

Појадок. Слободно време или по желба целодневна екскурзија низ Олјау, Риа Формоса со вклучено крстарење (околу час и половина) и Тавира. Посета на Олјау - најголемото пристаниште во Алгарве со убави песочни плажи. Една од главните атракции во Олјау е најголемиот пазар за риби во Јужна Португалија и Национален парк "Риа Формоса", кој може да биде разгледан само со чамец. Следува вклучено во цената на дополнителната екскурзија крстарење низ лагуните на резерватот (се спроведува при соодветни временски услови). Заминување за Тавира – се смета за еден од најубавите и зачувани градови во регионот на Алгарве. Посета на стариот кварт и црквата "Простување Божјо", урнатините од замокот Муринс и римскиот мост. Регионот е населен уште од 8 век пр. Хр. и има како муслиманско, така и римско наследство во својата богата историја. Враќање во хотелот. Вечера и ноќевање.

## ДЕН 5 Евора – Фаро – Лисабон

Појадок. Поаѓање за Лисабон. Пауза во Евора и Фаро. Евора е волшебно гратче, во списокот на светското културно и природно наследство на УНЕСКО: урнатините на Римскиот храм; катедралата; параклисот со костурницата; универзитетот. Слободно време и можност за ручек. Пешачки разглед во Фаро - едно од најубавите места во Португалија, град полн со историја, театри, галерии, пријатни ресторани, кафулиња, продавници и прекрасни плажи. Сместување во хотел "TRYP Lisboa Caparica Mar" 4 * во одморалиштето Коста да Капарика, регион Лисабон. Вечера и ноќевање.

## ДЕН 6 Синтра – Есторил – Кашкаис – Кабо де Рока

Појадок. Слободно време или по желба целодневна екскурзија до Синтра, Есторил, Кашкаиш и Кабо да Рока. Неслучајно Синтра се смета за една од најдобрите туристички дестинации на Португалија - многу замоци, аристократски дворци, споменици, фасцинантно убава природа и незаборавни глетки. Можност за посета на дворецот "Kintha da Regaleira" - комплекс од 5-катна палата, прекрасен парк со езера, пештери, извори и фонтани. Изграден е од "Карваљо Монтеро" во почетокот на XX в. како замок, а денес е сопственост на општинските власти. Кашкаис и Есторил лоцирани на северниот брег на Лисабон, се претвораат во еден од најпознатите космополитски туристички места во Португалија, откако кон крајот на XIX век кралот Луис I го избира заливот за своја летна резиденција. Есторил - тропска градина лоцирана на брегот на морето. Кашкаис - типично рибарско селце, кое се претворило во прекрасно одморалиште,, на брегот на кој се наоѓа Устата на пеколот (Boca do Inferno) - импресивна карпеста провалија во која се губат морските води. Градовите засолниле многу благородни семејства од европските земји за време на Втората светска војна, чии куќи се задржани и до денес. Кабо де Рока - најзападниот дел на континентална Европа. Прочуените португалски морепловци тргнале од тука кон непознатото, за да откриваат нови земји, да добијат слава, богатство, мислења и престиж. Враќање во хотелот. Вечера и ноќевање.

## ДЕН 7 Обидуш – Назаре – Фатима – Баталја

Појадок. Слободно време или по желба целодневна екскурзија до Обидуш, Назаре, Фатима и Баталја - ден во кој ќе го посетите едно од најпознатите историски места во Португалија. Заборавете ја сегашноста и вратете се назад во времето во село Обидуш, опкружено од ѕидините, зад кои се наоѓаат традиционални бели куќи и мали улици кои водат кон замокот. Поглед на импресивниот манастир во Баталија (под заштита на УНЕСКО) - прекрасен споменик на националната архитектура и еден од најголемите готски ремек-дела во Европа, изграден во 1388 година во чест на заклетвата , дадена од страна на кралот Жуау Први пред Светата Дева, дека ќе изгради величествен манастир, ако ги порази Кастилците во битката кај Алжубароте. Поаѓање за Назаре, кој во минатото бил мало рибарско село, а во денешно време е познат не само со риболовот, но и со убавите плажи, прекрасната кујна и уникатните локални народни носии. Посета на Фатима - центар на католичката вера и дестинација за аџии од целиот свет. Враќање во хотелот. Вечера и хоќевање.

## ДЕН 8 Лисабон

Појадок. Напуштање на собите. Слободно време. Трансфер до аеродромот во Лисабон за лет на авиокомпанијата "Wizz Air" до Софија, во 15:40 часот.Пристигнување во Софија во 21:40 часот.

**Цена**

| | | |
|---|---|---|
| **30.04.2019 г. → €730** | **11.06.2019 г. → €765** | **10.09.2019 г. →€765** |
| **21.05.2019 г. → €730** | **18.06.2019 г. → €765** | **17.09.2019 г. →€765** |
| **28.05.2019 г. → €730** | **25.06.2019 г. → €765** | **24.09.2019 г. → €765** |
| **04.06.2019 г. → €765** | **03.09.2019 г. → €765** | **01.10.2019 г. → €730** |

## Во цената е вклучено:

Авионски билет Софија - Лисабон - Софија на авиокомпанија "Wizz Air" (за дата на поаѓање 21.05 летот ќе се исполни од авиокомпанија "Bulgaria Air")
За летови на авиокомпанија "Wizz Air": аеродромски такси, чекиран багаж до 20 кг и рачен багаж до 10 кг (40x30x20 см);
Трансфер аеродром - хотел - аеродром;
Транспорт по предвидената рута со комфорен туристички автобус;
3 ноќевања во стандардна соба со појадок и вечера со вклучени пиво и вода во хотел "Yellow Monte Gordo" 4* (или сличен) во реонот на Алгарве;
4 ноќевања во стандардна соба со појадок и вечера со вклучени вино и вода во хотел "TRYP Lisboa Caparica Mar" 4* (или сличен) во реонот на Лисабон;
Полудневен панорамски разглед во Лисабон со локален туристички водич;
Пешачка тура во Евора;
Пешачка тура во Фаро;
Претставник на место на македонски/српски/бугарски за време на целиот престој;
Патничко осигурување со покритие до 30 000 EUR на осигурителна компанија "Сава осигурување".
Цените се дадени во евра, уплата се врши исклучиво во денарска противвредност по курс 1 EUR = 62 MKD.

## Во цената не е вклучено:

Туристичка такса за престој во хотел 4 * во реонот на Лисабон: 1 EUR на турист на ден (се плаќа од туристите на рецепцијата на хотелот);
Сместување во соба со поглед на океанот во хотелот TRYP Lisboa Caparica Mar 4 * во реонот на Лисабон;
Целодневна екскурзија до Синтра, Кашкаиш, Ешторил и Кабо де Рока;
Целодневна екскурзија до Олјау, Риа Формоса со вклучено крстарење и Тавира;
Целодневна екскурзија до Лагуш и р’т Сент Винсент;
Целодневна екскурзија до Обидуш, Назаре, Фатима и Баталја;
Влезници и билети за објектите за време на дополнителните екскурзии и други музеи, објекти и манифестации кои се посетуваат по желба;
Влезници: за манастирот "Жеронимуш" (10 EUR), комбиниран билет за манастирот и Кулата "Белем" (12 EUR) во Лисабон; за палатата "Кинта де Регалеира" (6 EUR + 1 EUR за слушалки) во Синтра;
Јавен превоз, лични трошоци, бакшиш за водич / возач: 1-5 евра на турист на ден - се плаќа на место;
За лица над 65 г. автоматски се додава доплата за осигурителна премија

## Сместување:

| | |
|---|---|
| Двокреветна соба со разделени легла | вклучено во цената |
| Двокреветна соба со француски лежај/брачен кревет | вклучено во цената |
| Дополнително легло во двокреветна соба за двца од 2 до 10.99 години | **-€189** |

## Дополнителни услуги:

| | |
|---|---|
| Сместување во соба со поглед кон океанот во хотел "TRYP Lisboa Caparica Mar" 4 * во реонот на Лисабон (на човек за 4 ноќевања) | **€32** |
| Целодневна екскурзија до Синтра, Кашкаиш, Ешторил и Кабо де Рока на бугарски јазик при минимум 20 пријавени туристи | **€45** |
| Целодневна екскурзија до Олјау, Риа Формоса со вклучено крстарење и Тавира на бугарски јазик при минимум 20 пријавени туристи | **€45** |
| Целодневна екскурзија до Обидуш, Баталја, Назаре и Фатима на бугарски јазик при минимум 20 пријавени туристи | **€48** |
| Целодневна екскурзија до Лагуш и р’т Сент Винсент на бугарски при минимум 20 пријавени туристи | **€39** |
| Пакет од 3 екскурзии: Синтра, Кашкаиш, Ешторил и Кабо да Рока + Лагуш и р’т Сент Винсент + Обидуш, Баталја, Назаре и Фатима на бугарски јазик при минимум 20 пријавени туристи | **€119** |

## Корисна информација:

Услови за плаќање: при резервација - 35% од вкупниот износ; доплата до 100% - до 30 дена пред датумот на поаѓање.
Услови за отказ: до 31 ден - 35% од основната цена; од 30 до 1 дена - 100% од вкупната цена.
Цените на дополнителните екскурзии, кои се запишани на место се повисоки!
Редоследот на спроведување на екскурзиите е примерен и се дефинира на место.
Организаторот го задржува правото да менува часови или да ги помести екскурзиите за друг ден, кога климатските услови го налагаат тоа, за да се гарантира безбедноста и квалитетот на услугата.
Распоред на полети:
Софија - Лисабон: 12:40 - 15:00
Лисабон - Софија: 15:40 - 21:40
Авиокомпанијата го задржува правото на промена на часовите на летовите
Од оперативни причини, ограничен број на кабински багаж може да се транспортира во авионската кабина(летови на авиокомпанијата "Wizz Air"). Ако има премногу багаж, можеби ќе треба да се стави во багажниот простор бесплатно.
Екскурзијата се спроведува со минимум 24 туристи.
Медицински и здравствени услови:
Нема медицински и здравствени услови, поврзани со патувањето.
Визно – пасошки режим: Македонски државјани, кои што патуваат за земјата, е потребно да поседуваат валиден пасош минимум 6 месеци од денот на влегување во земја